Македонска академија на науките и уметностите
Бул. Крсте Мисирков 2, Скопје, Република Македонија
Тел.:  + 389 02  3 235-400; Факс: + 389 02 3235-500
Е-маил: manu@manu.edu.mk

Арх. бр. 03-3577/2
29.12.2017 година

**До:** Друштво за истражување и развој во техничките и технолошките науки УЛТРА ДОО
ул. Партизански одреди бр. 70, 1000 Скопје

**Предмет:**
Покана за поднесување понуда за услуга за **Одржување на апликативен софтвер (оглас 68/2017)**

Почитувани,

Македонската академија на науките и уметностите, со адреса на бул. Крсте Мисирков бр. 2, 1000 Скопје, e-mail: manu@manu.edu.mk, лице за контакт Ања Ујдур, e-mail: anja.udjur@manu.edu.mk, тел: 070393084, има потреба од набавка на услуга за Одржување на апликативен софтвер и тоа:

Дел 1. Услуги на превентивно одржување на апликативниот софтвер
Дел 2. Адаптивно одржување на апликативниот софтвер

Со оглед дека апликативните решенија за *Изработка и инсталирање на систем за евиденција и управување со лабораториски анализи во Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија „Георги Д. Ефремов“* и *Евиденција и управување со научно истражувачки проекти и медицинска статистика во ИЦГИБ „Георги Д. Ефремов“* се набавени од Вас со договор за набавка заведен под наш број 03-612/9 од 29.04.2013 година и Ваш број 279/13 од 15.05.2013 година и со оглед на тоа што Вие сте сопственици на изворниот код на наведените апликации, Македонската академија на науките и уметностите одлучи набавката на услугата да ја изврши со постапка со преговарање без претходно објавување на оглас, согласно со член 99, став 1, точка 1, алинеја 2 од Законот за јавни набавки.

За таа цел, Ве молиме да ни доставите првична понуда за горенаведениот предмет на јавна набавка и тоа најдоцна до 5.1.2018 година до 15:00 часот на горната адреса по пошта или директно во Архивата на Академијата.

Понудата да се достави на начин дефиниран во член 59 од Законот за јавните набавки.

Ве молиме, во понудата да наведете и лице кое во име на понудувачот ќе учествува во преговорите за реализација на набавката (име и презиме, контакт телефон). Преговорите ќе се спроведат во просториите на Академијата.

Во прилог на оваа покана ви доставуваме инструкции/појаснување за предметната набавка која ќе ви помогне за изработка на понудата (Прилог бр. 1). Ве молиме при изготвување на понудата да го дополните образецот кој е составен дел на поканата (Прилог бр. 2), изјавата за сериозност (Прилог бр. 3 и изјава на независна понуда (Прилог бр. 4).

Однапред благодариме на соработката.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА
ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
Емилија Шукарова Стефановска

*Прилог 1 - **Инструкција за економскиот оператор***

Договорниот орган – Македонската академија на науките и уметностите, има потреба од набавка на услуги за Одржување на апликативен софтвер и тоа:

**Дел 1. Услуги на превентивно одржување на апликативниот софтвер**
**Дел 2. Адаптивно одржување на апликативниот софтвер**

Договорниот орган ќе склучи договор за предметната набавка со носителот на набавката за период од 12 (дванаесет) месеци.

Предметот на набавката е делив на 2 дела.

| **ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА** |
|---|
| **1. Услуги на превентивно одржување на апликативниот софтвер** |
| Под овој вид на услуги спаѓаат следниве работи: |
| • Отстранување на грешки и проблеми во функционирањето на програмот |
| • Отстранување на неправилности во податоците настанати поради грешки и проблеми во функционирањето на програмите |
| • Консултации поврзани со користење на програмите |
| • Враќање на податоци од backup во случај на: |
| o штети предизвикани од дефект на хардверски компоненти,<br>o штети предизивикани од дејство на виша сила (поплава, пожар, земјотрес и слично)<br>o активирање на на деструктивни компјутерски вируси |
| **2. Адаптивно одржување на апликативниот софтвер** |
| • Измени и доработки на постоечките модули, прегледи, извештаи и статистики на апликативниот софтвер поради промена на законски прописи или поради промена на начинот на работење. |
| • Изработка на нови прегледи и извештаи. |
| • Адаптивното одржување не треба да опфаќа изработка на нови модули кои во моментот на потпишувањето на Договорот не постојат во системот. |
| **Услугите се реализираат под следните услови:**<br>За дел 1. Услуги на превентивно одржување на апликативниот софтвер |
| – Услугите на превентивното одржување се реализираат во работни денови и во работно време и тоа во периодот од 8:30 до 16:30 часот. |
| – Носителот на набавката треба да обезбеди време на одѕив од најмногу 8 работни часа од приемот на барањето за интервенција. Отстранувањето на дефектите треба да се реализира во рок од најмногу 7 дена. |
| – Активностите на превентивното одржување првенствено треба да се реализираат преку далечинска поддршка (преку VPN/ISDN), а доколку проблемот не може да се разреши на овој начин со интервенција на лице место. |
| За дел 2. Адаптивно одржување на апликативниот софтвер |
| – Треба да се понудат 70 часа услуги на одржување на годишно ниво кои би се реализирале по учинок во случај да се јави потреба од адаптивно одржување |

## 1. Критериуми за утврдување на способност на понудувачот

Со понудата економскиот оператор задолжително треба да достави придружна документација со која ќе ја докаже својата лична способност и способноста за вршење на професионална дејност. Бараната документација се поднесува во оригинал или во копија заверена од економскиот оператор со печат и потпис на одговорното лице, со назнака „верно на оригиналот“.

Во продолжение Ви ја наведуваме бараната документација за докажување на:
-личната состојба и
-способноста за вршење професионална дејност

1.1 <u>Лична состојба</u>

- За докажување на својата лична состојба, економскиот оператор ги доставува следниве документи:
  - изјава дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
  - потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган:
  - потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
  - потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран;
  - потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не е впишана споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно–приватно партнерство.
  - потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност;
  - потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност;
  - потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и
  - потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција привремена забрана за вршење на одделна дејност.

Документите од точката 1.1 не смеат да бидат постари од шест месеци, а се доставуваат во оригинал или копија заверена од понудувачот.

1.2 <u>Способност за вршење на професионална дејност</u>

- За да ја докаже способноста за вршење на професионална дејност, економскиот оператор треба да достави:
  - документ за регистрирана дејност (ДРД образец) како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.
    Во Република Македонија надлежен орган за издавање на ДРД образец е Централниот регистар на Република Македонија

## 2. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка

**Критериум за доделување на договорот за јавна набавка е цената која ќе се постигне на преговорите.**
Напомена: Врз основа на член 17 став 7 од ЗЈН, а во врска со склучениот договор за *Изработка и инсталирање на систем за евиденција и управување со лабораториски анализи во Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија „Георги Д. Ефремов“* и *Евиденција и управување со научно истражувачки проекти и медицинска статистика во ИЦГИБ „Георги Д. Ефремов“* заведен под наш број <u>03-612/9</u> од <u>29.04.2013 година</u> и Ваш број <u>279/13</u> од <u>15.05.2013 година,</u> напомнуваме дека износот на превентивното одржување не смее да надмине 20 % од вредноста на наведениот договор за соодветните делови што се предмет на набавка, односно 113.910,12 денари без ДДВ, односно 134.413,94 со ДДВ.

3. **Начин и рок на плаќање**

- Плаќањето на услуги за превентивно одржување на апликативен софтвер - дел 1 ќе се реализира месечно. Носителот на набавката има обврска да ги доставува месечните фактури за одржување најкасно до 15-ти во месецот за услугите реализирани во претходниот месец. Рокот на плаќање на фактурите е 30 дена сметано од денот на приемот на фактурата во Архивата на Македонската академија на науките и уметностите, кон која има приложено уредно пополнет работен налог потпишан со полно име и презиме на овластените лица од двете договорни страни, а по претходно доставено барање.
- Плаќањето на услугите за адаптивното одржување на апликативен софтвер – дел 2 е 5 работни дена по извршувањето на услугата, кон која има приложено уредно пополнет работен налог потпишан со полно име и презиме на овластените лица од двете договорни страни, а по претходно доставено барање. Фактурата која е издадена треба да е во согласност со член 53 од Законот за данокот на додадена вредност. Договорниот орган плаќањето на фактурите ќе го изврши во согласност со член 6 од Законот за финансиска дисциплина.

4. **Рок на важење на понудата**

Понудата треба да важи најмалку 60 дена сметано од крајниот рок за доставување на понудата, во чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот.

5. **Начин на доставување на понудата**

Економскиот оператор понудата треба да ја достави согласно член 59 од Законот за јавните набавки.

Економскиот оператор оригиналната понуда потпишана и заверена од одговорното лице на понудувачот и придружната документација ги приложува во запечатен внатрешен коверт кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса.

Внатрешниот плик се приложува во запечатен надворешен плик на кој треба да се испишат следниве податоци:

Во горниот лев агол да стои ознака „Не отворај“

- Во горниот десен агол да стои број на оглас
- Во средината да стои назив и адреса на договорниот орган (Македонска академија на науките и уметностите, бул. Крсте Мисирков бр. 2, 1000 Скопје)

Пример како треба да се адресира надворешниот коверт:

| | | |
|---|---|---|
| „Не отварај“ | | Број на покана 68/2017 |
| | Македонска академија на науките и уметностите<br>бул. Крсте Мисирков бр. 2 – 1000 Скопје | |

6. **Изјава за независна понуда**

Во прилог на понудата, понудувачот задолжително доставува потпишана изјава со која под целосна материјална и кривична одговорност ќе изјави дека понудата ја поднел независно, без договор со други економски оператори спротивно на прописите за заштита на конкуренцијата, како и дека не учествува во истата постапка со други економски оператори со кои е капитално, сопственички или роднински поврзан. Доколку има сознанија за невистинитоста по наводите на изјавата, договорниот орган веднаш ќе ги извести надлежните органи. Понудувачот треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација.

**Изјавата за независна понуда не може да гласи на ниту едно друго лице освен на одговорното лице.*

## 7. Изјава за сериозност на понудата

Во прилог на понудата, понудувачот доставува и потпишана изјава за сериозност на понудата, при што треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација. Доколку дојде до прекршување на дадената изјава за сериозност на понудата, истото ќе резултира со издавање негативна референца против таквиот понудувач на начин и согласно условите утврдени во Законот за јавните набавки. Изјавата ја потпишува лицето што ја потпишува и понудата. Доколку лицето што ја потпишува изјавата се разликува од лицето што ја потпишува понудата, во прилог се доставува и овластување за потпишување на изјавата.

*Прилог 2 – ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДА*

**Меморандум на понудувачот**
**Архивски број**
**Датум**
**Седиште**

Врз основа на поканата за поднесување на понуда со арх. бр. 03-3577/2 од 29.12.2017, за доделување на договор за јавна набавка на услуга за **Одржување на апликативен софтвер**, во постапка со преговарање без претходно објавување на оглас, ја поднесуваме следната:

**П О Н У Д А**

**Дел. 1 Информации за понудувачот**

1.1. Име на понудувачот: ______________________________
1.2 Контакт информации:
- Адреса ______________________________
- Телефон: ______________________________
- Факс: ______________________________
- Е-пошта: ______________________________
- Лице на контакт ______________________________

1.3 Одговорно лице: ______________________________
1.4 Даночен број ______________________________
1.5 Матичен број ______________________________
1.6 Жиро сметка и депонент банка: ______________________________

**Дел. 2 Опис на услугите:**

- Согласни сме да ги понудиме следниве услуги:

______________________________________________________________

- Времето на одзив на интервенции на повик изнесува ________ часа (максимум ___ часа).
- Понудата е со важност од ______ дена (најмалку 60 дена).

**Дел. 3 Финансиска понуда**

Согласни сме да ги понудиме следниве цени на услугите:

**3.1** Вкупната цена на нашата понуда за дел 1, согласно потребите и барањата на договорниот орган, без ДДВ изнесува ____________________________________ [со бројки], _____________________________________ [со букви] денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува ______________________________ [со бројки], _________________________________ [со букви] денари.

**3.2.** Вкупната цена на нашата понуда за дел 2, согласно потребите и барањата на договорниот орган, без ДДВ изнесува ____________________________________ [со бројки], _____________________________________ [со букви] денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува ______________________________ [со бројки], _________________________________ [со букви] денари.

**3.3** Цената на нашата понуда е детално прикажана во следнава табела:

| *Ред. Бр.* | Услуга | Единечна мерка | Кол. | Единечна цена без ДДВ (ден) | Вкупна цена без ДДВ (ден) | ДДВ (ден) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *1* | **Услуги за превентивно одржување на апликативен софтвер** | *месец* | *12* | | | |
| *2.* | **Адаптивно одржување на апликативен софтвер** по човек/час во работно време кои се реализираат по учинок | *Час* | *70* | | | |

Со поднесување на оваа понуда изјавуваме дека ги прифаќаме условите предвидени во Тендерската документација.

ПРИЛОГ кон оваа понуда:

- Прилог 2 – Образец на понуда
- Изјава за сериозност на понудата
- Изјава за независна понуда
- Документи за докажување на личната состојба
- Документ за професионална дејност

Место и датум

______________________

Одговорно лице

______________________________

(потпис и печат)

**Прилог 3 - Изјава за сериозност на понудата**

И З Ј А В А

Јас, долупотпишаниот ____________________ [име и презиме], врз основа на член 47 став 1 од Законот за јавните набавки, а во својство на одговорно лице на понудувачот ________________________________________________, изјавувам дека во целост ја гарантирам содржината на понудата и дека понудата е валидна и правно обврзувачка за нас во сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од прекршување на оваа изјава во случаите од член 47 став 6 од Законот за јавните набавки, што ќе доведе до издавање негативна референца од страна на договорниот орган против понудувачот во чие име и за сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

| Место и датум | Одговорно лице |
| --- | --- |
| ____________________ | __________________________ |
| | (потпис и печат) |

**Прилог 4 - Изјава за независна понуда**

И З Ј А В А

Јас, долупотпишаниот ____________________ [име и презиме], врз основа на член 129 став 1, 2 и 3 од Законот за јавните набавки, а во својство на одговорно лице на понудувачот _______________________________________________, под целосна материјална и кривична одговорност, изјавувам дека понудата ја поднесува независно, без договор со други економски оператори спротивно на прописите за заштита на конкуренцијата, како и дека не учествувам во истата постапка со други економски оператори со кои сум капитално, сопственички и роднински поврзан.

| Место и датум | Одговорно лице |
| --- | --- |
| ____________________ | __________________________ |
| | (потпис и печат) |